**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Регулаторна Комисија за Домување**

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Komisioni Rregullator për Banim

**До:** „ЕКОШАЈН" ДОО Кавадарци
ул."Ѓорѓи Соколов-Соко" бр.61
1430 Кавадарци

**Наш број:** Уп.08-01
**Дата:** 14.01.2025 г

**Предмет:** Решение за одземање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018) ) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020, бр.150/22 и бр.224/24), и член 6 став 1 и став 3 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), на седницата одржана на 14-01-2025 година, донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ

НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. **Се одзема** лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп08-06/3 од 04-04-2024 година, на правниот субјект „ЕКОШАЈН" ДОО Кавадарци, со ЕМБС 7746237 со седиште на ул."Ѓорѓи Соколов-Соко" бр.61 Кавадарци.
2. Решението влегува во сила од денот на правосилност.
3. Се известува правниот субјект „ЕКОШАЈН" ДОО Кавадарци, да ја врати лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп08-06/3 од 04-04-2024 година, на Регулаторна комисија за домување во рок од осум дена од денот на правосилност на решението за одземање на лиценцата.

Образложение

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018) ) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020, бр.150/22 и бр.224/24), и на член 6 став 1 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), **ја одзема** лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп08-06/3 од 04-04-2024 година, на правниот субјект „ЕКОШАЈН" ДОО Кавадарци. Бидејќи Регулаторната комисија за домување согласно своите надлежности од член 109 став 1 точка 10 од Законот за домување при вршење на

периодична проверка на управителите за исполнувањето на условите врз основа на кои им е издадена лиценцата, а по добиени податоци од Агенција за вработување на РСМ на 28.11.2024 година, констатира дека правниот субјект, условите за поседување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради од член 10 став 4 точка 2 од Законот за домување, **не ги исполнува**, поточно **нема** најмалку три вработени лица од кои едно со високо образование (дипломиран правник или дипломиран економист) и две лица со најмалку средна стручна подготовка.

Регулаторната комисија за домување согласно надлежностите од член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018) ) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/2020, бр.150/22 и бр.224/24), како и согласно Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбена зграда ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), е надлежна да издава, продолжува и одзема лиценци за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради.

На седницата одржана на 14-01-2025 год., Регулаторната комисија за домување, донесе Решение за одземање на лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп08-06/3 од 04-04-2024 година, на правниот субјект „ЕКОШАЈН" ДОО Кавадарци.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против Решението за одземање на лиценца, дозволена е тужба пред Управниот суд, во рок од 30 дена од приемот на решението.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот да ја извести Регулаторната комисија за домување во рок од 8 дена по поднесување на тужбата.

Со почит,

Претседател
М-р Зоран Мацовски

Изготвил: Јасмина Петреска